Михаило АПОСТОЛСКИ

# ЕТНИЧКИТЕ ПРОМЕНИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО XX ВЕК*

## I

Географските граници на Македонија во оваа прилика нема да ги утврдуваме, тие се познати и утврдени од повеќе истакнати научни работници.[1]) До 1912 година Македонија во составот на Отоманската империја, претставувала една географска и економска целина, со висок степен на развиени економски врски со другите центри во Отоманската империја, но едновремено со развиени трговски врски со повеќе центри во Европа.

Македонија со својата географска положба на Балканот, секогаш била од посебен интерес за големите европски сили, поради врските: Европа со Блискиот и Средниот Исток. Македонија е земја во Европа која претрпела најголеми промени во етничкиот состав на населението во периодот на XX век.

Причините за етничките промени на една област, а конкретно и во Македонија, се многубројни и меѓу нив ќе ги истакнеме како посебно значајни следниве: а) последици од војните, востанијата (револуциите); б) економска и политичка емиграција; в) различни притисоци од страна на државниот апарат над одделни народи (етнички групи), вклучувајќи и присилно раселување); г) асимилација — принудна и природна (спонтана); д) колонизација со политички и економски карактер и др.

Разгледувањето на етничките промени на народите и етничките групи во Македонија, поради многубројните крупни историски настани пред сè востанијата и војните, како и поради некои други причини коишто влијаеле на големите етнички промени извршени во XX век, бара посебна и обемна студија, која би мо-

*) Овој прилог е препечатен од Zbornik za narodni život i običaje Južnih Slavena, knj. 49. Zagreb 1983, стр. 9—25.

[1]) Јован Цвијиќ, истакнат научник од Србија, ја проучувал Македонија од повеќе аспекти. Јаранов објавил карта на Македонија.

жела да се обработи само во еден заеднички проект на кој би биле ангажирани научни работници од сите држави на Балканскиот Полуостров. Од овие причини во оваа прилика ќе се задржиме само на еден сосема кус преглед на етничките промени во Македонија настанати во периодот на XX век. Притоа ќе укажеме на причините поради кои настанале крупните етнички промени.

Балканските војни и Првата светска војна (1912—1913 и 1914—1918) покрај Илинденското востание (1903) се историски настани коишто во најголема мера придонесоа за крупните етнички промени во Македонија.

Македонија како што спомнавме со својата географска положба, посебно во однос на врските на Европа — со Блискиот и Средниот Исток — преку познатата Моравско-Вардарска долина и пристаништето Солун, го привлекувала интересот на големите европски сили. Едновремено и балканските држави по ослободувањето од отоманското владеење (Србија, Грција и Бугарија) пројавуваат посебен интерес кон териториите на Македонија и кон некои други територии на балканскиот дел на Отоманската империја, со основна цел да ги прошират сопствените државни територии. Со таква цел тие развиваат силна пропаганда и лансираат квази научни теории, со што секоја од балканските држави настојува да ги оправда своите претензии на Македонија.

Разновидните интереси на големите европски сили и на балканските држави, придонесуваат да се развие идејата Отоманската империја со војна да се потисне од Балканот. Оваа идеја доведува Србија, Грција и Бугарија, како што е познато, во 1912 година да го заклучат балканскиот сојуз за војна против Отоманската држава. Тие во тој момент се единствени, макар што нивните интереси се противречни. Карактеристично е дека буржоазијата и во други прилики наоѓала заеднички јазик кога била во прашање поделбата на Македонија. На пример во Втората светска војна бугарските окупаторски војски и четниците на Дража Михајловиќ соработуваат против ослободителната борба на македонскиот народ. Хитлер Македонија ја ветува и на Царска Бугарија и на Кралството Југославија, за да ги вклучи буржоаските влади во Тројникот пакт.[2])

Во Првата балканска војна 1912/1913 година, Отоманската империја е потисната од најголемиот дел на нејзините територии на Балканот и заземената територија од Отоманската империја

---

[2]) Царска Бугарија на 1 март 1941 г. се вклучува кон Тројниот пакт, иако германски офицери неколку месеци порано пристигаат во Бугарија, за подготовка за напад на Грција. Владата на Кралството Југославија на 25 март потпишува договор за вклучување кон Тројниот пакт, а ноќта на 26 спрема 27 март 1941 г., е извршен државен удар, создадена нова влада, распуштено намесништвото, избувнуваат масовни демонстрации во цела Југославија предводени од КПЈ. Со ова е раскинат договорот што владата на Цветковиќ го беше потпишала.

е поделена меѓу трите балкански држави, едновремено на еден дел од нејзините територии е создадена Албанската држава.

Поради поделбата на заземените територии од Отоманската империја доаѓа до Втората балканска војна (1913 година) помеѓу Бугарија од една страна и Србија и Грција од друга страна.

Во самиот тек на овие две војни настануваат големи етнички промени на народите во Македонија, едновремено во овие две балкански војни таа е поделена помеѓу Србија, Грција и Бугарија. До Балканските војни, како во сите држави во Европа и на Балканот, така и во Македонија живееле повеќе народи и етнички групи. Според податоците што ги дава бугарскиот научник Васил Кнчев,[3]) околу 1900 година составот на населението во Македонија бил следниот:

| | |
|---|---|
| Македонци христијани | 1.032.233 |
| Македонци-мухамеданци | 146.803 |
| Турци | 449.664 |
| Грци-христијани | 210.799 |
| Грци-мухамеданци | 14.373 |
| Албанци-христијани | 8.510 |
| Албанци-мухамеданци | 115.710 |
| Черкези | 2.837 |
| Власи | 77.267 |
| Евреи | 67.840 |
| Роми | 54.557 |
| Разни | 22.010 |
| Вкупно: | 2.247.574 |

Со оглед на фактот дека методот на одредувањето на народностната припадност е пред сè според религијата и јазикот

---

[3]) *Васил Кънчев:* Избрани произведения, том II, София, 1970, стр. 581—583. Македонците ги наречува „Бугари", а критериумите во определувањето се: јазикот и религијата, јазикот со кој говорат Македонците за него, а и за многу други е дијалект на бугарскиот. Ваков однос до НОВ и Револуцијата на народите на Југославија имаа голем број научни работници и во кралството Југославија. Меѓутоа, познатиот научник Јован Цвијиќ, за јазикот на Македонците меѓу другото говори: „Македонските словени говорат јазик за кој постојат три различни гледања: дека е тоа јазик близок на српскиот, дека е сроден со бугарскиот, и на крајот дека е тоа самостоен јужнословенски јазик" — проф. *Јован Цвијић, Македонски* Славяне — етнографическа иследования, Петроград, 1906, стр. 1 (руско издание). Покрај ова за македонската националност пишуваат: Георги Бакалов; Васил Главинов, Димитар Благоев, Димо Хаџи Димов, Пол Христов и др. во Зборникот: "Историска вистина — прогресивната општествена јавност во Бугарија и Пиринска Македонија за Македонското национално прашање". Потоа Уставот на Македонското востание од 1878. — во историографијата познато како „Кресненско востание" (Правилата — Уставот на македонскиот востанички комитет во Кресненското востание — Скопје, 1981).

може да има и некои незнатни отстапувања од дадените бројки. Но за жал, со денес расположивата документација, тие незнатни отстапувања, тешко можат да се утврдат.

Во Балканските војни со оглед на нивниот во основа империјалистички карактер, бидејќи балканските држави се стремеле




да заграбат делови и од територијата на Македонија, веќе во текот на самите војни настануваат доста големи етнички промени. Пред сè добар дел од турската народност, под притисок на самата војна, ја напушта Македонија, но не е мал и бројот кој во самата војна нестанале како последица што буржоаските власти ја ширеа религиозната нетрпеливост. Потоа бугарските вој-

ски, покрај притисокот над Турците, вршат притисок и над грчката народност, грчките војски вршат притисок над Турците и над Македонците. Српските војски вршат притисок над Турците. Целиот притисок што војските на сите три држави го вршат е заснован претежно на религиозна основа. Во овие војни голем број села се уништени (запалени), а и градот Кукуш и добар дел од Струмица се изгорени, што само по себе предизвикало големи емиграции на делови од народите коишто биле засегнати со споменативе воени разурнувања на селата и градовите.

Во Првата светска војна (1914—1918) Македонија е арена на тригодишна сурова војна. Фронтот (наречен „Солунски", а од некои и "Македонски") од 1915 до 1918 година се протегал по нејзината средина. Во тригодишните борби (1915—1918) разорени се голем број села од двете страни на фронтот, Битола е тешко бомбардирана, тотално е уништен и Дојран.[4]) Овие разурнувања предизвикуваат уште во самиот тек на војната големи етнички промени, бидејќи жителите на разорените села и градови беа присилени да емигрираат, некои во Бугарија, а некои во Грција. Со завршувањето на Првата светска војна поделбата на територијата на Македонија извршена во Балканските војни беше санкционирана, со незнатни измени. Со таа поделба во составот на балканските држави од територијата на Македонија влегуваат:

1) Во составот на Грција: 34.356 километри квадратни со 1.042.029 жители (според податоците на Корнециевата комисија во 1913 година).

2) Во составот на Бугарија: 6.798 километри квадратни, со 156.458 жители во 1920—1921 година.

3) Во составот на Србија (односно Југославија) 25.713 километри квадратни, со 808.724 жители во 1921 година.

4) И еден мал дел во составот на Албанија.[5])

Последиците од поделбата на Македонија и нејзиното санкционирање по Првата светска војна се многубројни на политички и економски план, а посебно на етничкиот состав на населението. Така како последица на Балканските и Првата светска војна најголемите етнички промени во Македонија настануваат во периодот помеѓу двете светски војни, тие промени посебно се интензивни во првите неколку години по завршувањето на Првата светска војна.

---

[4]) Во Првата светска војна во 1916 година Дојран наполно е разурнат. По неговата средина се протегаше дел од линијата на Солунскиот фронт. Во последните 10—15 години се обновува како туристички град. Исто така во таа војна и Битола беше многу оштетен, поради борбите и бомбардирањата.

[5]) Со оглед на разните толкување на границите, различни се и податоците за вкупната површина на територијата на Македонија, па спрема тоа различни се и податоците за населението.

Овие етнички промени ќе ги проследиме посебно по деловите на Македонија како што влегле во составот на одделни балкански држави.

## II

Промените на делот од територијата во составот на Грција, настанати во периодот 1912—1928 година, наполно ја измениле етничката слика на тој дел на Македонија. Повеќе студии од поединци и групи даваат податоци за етничката слика на делот од Македонија во Грција пред 1912 година и по ова. Така етничката слика може да се следи по: Д. Бранков, 1905 година во книгата "Македонија и нејзиното христијанско население", потоа податоците на Меѓународната анкетна комисија,[6]) која ги испитува извршени погроми над народот, како и податоците што ги дава професорот Јордан Иванов[7]) во статистичката карта од 1913 година, податоци, што во своите проучувања ги дава Тодор Симовски,[8]) а едни од други се со незнатни разлики. Врз анализите на споменативе податоци за населението, Христо Андоновски констатира дека во „предвечерието на Балканските војни" т.е. во 1912 година, етничката слика во овој дел на Македонија била:

| | |
|---|---|
| Македонци | 329.371 |
| Турци | 314.856 |
| Грци | 236.755 |
| Власи | 44.414 |
| Албанци | 15.108 |
| Роми | 25.302 |
| Евреи | 68.206 |
| Разни | 8.109 |
| Вкупно: | 1.042.191[9] |

[8]) Книгата на Бранков, објавена во Париз 1905 година. Меѓународната комисија „Dotation Carnegie pur la paix international" ги испитува последиците од Балканските војни. Меѓутоа, со проблемите на етничката структура на населението се занимавале повеќе научни работници како на пр.: британскиот вице-конзул во Битола Г. Ц. Блунт, Васил К'нчев, Јован Цвијиќ, Стојан Новаковиќ, Тошо Поповски, Христо Андоновски, Тодор Симовски и многу други — но сите тие истражувања поради низа објективни и субјективни причини, не успеале да дадат целосна етничка слика на Македонија.

[7]) Јордан Иванов бил професор на Софискиот универзитет.

[8]) Гласник на ИНИ, XVI/3, 1972 година, стр. 61—75.

[9]) *Христо Андоновски:* Македонското национално малцинство во Грција, Бугарија и Албанија — Гласник на ИНИ, XVIII/1, 1974, стр. 26 и 32. Ова го потврдуваат: *Александар Девацис* во студијата „L'echange obligatione des minorités Greques et Turques en certu de la convention de Losanne du 30 janvier 1923", Париз 1930; студијата „L'etablissement de refugies en Grece", Женева 1926; *Сотириос Коцаманис* во студијата: „Национални прашања...".

Оваа етничка слика од 1912 година постепено се менува. Покрај промените настанати во самата војна, веднаш по Букурешкиот мировен договор (1913), од Тракија и од деловите што влегуваа во составот на Бугарија и Србија емигрираат извесен број семејства — Грци или припадници на Патријаршијата и се населуваат на територијата на Македонија во состав на Грција. Меѓутоа,




најголемите и битните промени на етничката слика на Македонија во целина, а посебно на делот во составот на Грција настануваат по завршувањето на Првата светска војна. Во Нејскиот договор е предвидена размена на населението меѓу Грција и Бугарија, а со договори склучени по 1923 година, според Николаос Блакос професор на Универзитетот во Атина, во Бугарија емигрирале 62.180 означени по религиозната — односно црковната припадност — како егзархисти, а 22.890 Грци од Бугарија емигрираат за Грција. Според официјалните извештаи на Друштвото

на народите овие бројки малку се разликуваат, се смета дека во Бугарија емигрирале 66.126 лица. Меѓутоа, покрај емигрираните лица согласно на меѓусебните договори, голем е бројот на емигрираните под притисокот на органите на државните власти, така што бројот на емигрираните Македонци од Македонија во составот на Грција во Бугарија изнесува знатно повеќе, се цени дека тој број изнесува околу 88.800 лица, а по некои други податоци тој број е помал и се сведува на 72.000.[10])

По Грчко-турската војна, со мировниот договор во Лозана, договорена е размена на населението меѓу Грција и Турција. Така од делот на Македонија во составот на Грција во Турција се иселени 394.098 Муслимани, најголемиот број се Турци, меѓутоа, во тој број влегуваат Македонци и Грци мохамеданци, веројатно и Албанци. Обратно, од Турција во Грција се иселени 1.221.849 лица како Грци. Меѓутоа, меѓу нив покрај Грците, има и припадници на други народи — иселени како припадници на христијанската религија.[11]) Од овој број во Македонија во составот на Грција е населено 538.595. Според грчките податоци до 1920 година во овој дел биле пред војната деселени 99.658, или вкупно во Македонија во составот на Грција е населено 638.253 лица. На овој начин според официјалните податоци (статистиката и комисијата за колонизација на бегалците) етничката слика на Македонија во составот на Грција во 1926 година изгледа:

| | |
|---|---|
| Грци | 1.341.000 |
| Славофони (македонци) | 777.000 |
| Муслимани | 2.000 |
| Разни (Евреи, Роми и др.) | 91.000 |
| Вкупно: | 1.511.000[12] |

Меѓутоа, бројот на “Славофоните“ како што грчката буржоазија ги именува Македонците, не е реален, бидејќи како Грци се прикажуваат и Македонците христијани под јурисдикцијата на Патријаршијата, така што вкупниот број на Македонците изнесува околу 275.000. Во однос на положбата во 1912 година поради наведените емигрирања е намален бројот на населението за околу 54.000. Вкупниот број на населението со текот на времето се менува, така што во 1941/1942 година тоа изнесува околу 1.700.885,

[10]) *Христо Андоновски,* споменатиот труд, Гласник на ИНИ, XVIII/1, 1974, стр. 25—62.

[11]) По создавањето на Егзархијата (1870) некои православни цркви во Македонија преминуваат во составот на Егзархијата, а некои остануваат и натаму во составот на Патријаршијата.

[12]) *Христо Андоновски,* споменатиот труд, Гласник на ИНИ, XVIII/1, 1974, стр. 33.

меѓу кои Македонци 251.753, што говори за знатно намалување на Македонците за 77.618, а намален е и бројот на другите народности.[13])

Покрај споменатите промени во етничкиот состав на Македонија во составот на Грција, доста крупни промени настануваат и во текот на Втората светска војна, во борбата на грчкиот народ против германските, италијанските и бугарските окупатори, а посебно во Граѓанската војна.[14]) Тие промени се резултат на бор-




бите што грчкиот народ ги водеше, борби во кои целосно беа вклучени и Македонците и другите народности во Грција. Меѓутоа, по граѓанската војна по сила на создадените околности, при разбивањето на "Демократската армија", се јавува прилично

[13]) *Тошо Поповски:* Македонското национално малцинство во Бугарија, Грција и Албанија, Скопје, 1981, стр. 69.

[14]) По завршувањето на Втората светска војна, ослободителната армија на грчкиот народ е разоружана, отпочнува терор над прогресивните луѓе. Во 1946 година под раководството на Маркос отпочнува Граѓанската војна.

обемна емиграција во социјалистичките земји. Со оглед на фактот дека граѓанската војна во Грција, најсилно беше развиена на територијата на Македонија во составот на Грција, па и емиграцијата најбројна беше од оваа територија, што доведува до нови промени во етничкиот состав на Македонија во составот на Грција.

## III

Во делот на Македонија што по Балканските војни 1912/13 година припадна на Бугарија во текот на Балканските и Првата светска војна настануваат промени како непосредни последици на тие војни. Така што во 1920/1921 година се смета дека во тој дел имало 156.458 жители.[15]) Меѓутоа, не располагаме со податоци каква била етничката состојба во 1912 година за да би можеле да ги проследиме промените. Познато е дека голем број Турци и Грци во текот на двете балкански војни 1912—1913 година поради борбите, биле присилени да ги напуштат своите огништа, слична е судбината и на еден дел Македонци од делот што потпадна под Грција, но не е познато колку од нив се настанале во Пиринскиот дел на Македонија. Најголемите промени во Македонија во составот на Бугарија, настануваат помеѓу двете светски војни, пред се како резултат на спогодбите меѓу владите на Бугарија и Грција за размена на населението.[16]) Емигрираното население од Грција делумно е настането во делот на Македонија во состав на Бугарија. Исто така на оваа територија е настанета и дел од политичката емиграција од територијата на Македонија во составот на Србија (од 1929 година Југославија). Со емигрирањето на Турците, со прифаќањето дел од емиграцијата од Србија и Грција, вкупниот број на населението и етничката слика се изменети. Според некои податоци на оваа територија во 1926—1928 година живееле 186.167 лица, од кои 96% Македонци[17]) (односно околу 179.000 Македонци).

---

во Грција. Таа најинтензивна беше во северните делови на Грција, па Македонците од Македонија во составот на Грција масовно беа вклучени во граѓанската војна — т.е. во редовите на демократската армија.

15) *Тошо Поповски:* Македонското национално малцинство во Бугарија, Грција и Албанија, 1981 година, стр. 45.

16) Конвенција меѓу Бугарија и Грција за „доброволна" размена на населението од 27. XI 1919 година (додаток на чл. 56 на Мировниот договор) и Лозанска конвенција од 17. I 1923 година. — Согласно на овие конвенции иселени се извесен број семејства Грци, како и некои припадници на Патријаршијата, но сега не располагаме со податоци за нивниот број.

17) *Тошо Поповски,* цит. дело. Ова го потврдува и Д. Јаранов: „La Macedoine Economique", Софија 1931.

Во текот на целиот период помеѓу двете светски војни, како последица на разновидниот притисок на државните органи на власта, во Грција и Србија како и поради уфрлувањето на разни врховистички чети[18]) на територијата на Македонија во составот на Србија, перманентно се јавува политичка емиграција, од која дел се наследува во Македонија во составот на Бугарија.

Во пописите во Бугарија извршени во 1946 и 1956 година, Македонците можеле слободно да се декларираат, па според пописот од 1956 година во Македонија во составот на Бугарија вкупно живееле 281.015 лица, од кои 178.862 лица се декларирале како Македонци.[19]) Меѓутоа, во пописот од 1965 година, на оваа територија се јавуваат само 8.750 Македонци,[20]) додека во пописот од 1975 година, не е овозможено декларирање припадник на македонската националност.[21]) На присилен начин во Бугарија статистички е изменета етничката слика на Македонија во нејзиниот состав. Меѓутоа, статистичката измена не значи и реална измена. Македонците во тој дел се живи и како такви во извонредно тешки услови продолжуваат да се развиваат.

Во септемвриските настани во 1923 година, поради фактот што Царството Бугарија власта во Пиринскиот дел на Македонија ја препушта на врховистички чети на Тодор Александров и Ванчо Михајлов, се врши силен терор над населението, што секако влијаело на етничките промени.

По Втората светска војна, власта на НР Бугарија спроведува суптилни мерки за промена на етничката структура во Пиринскиот дел на Македонија, по пат на распределба на народот.

Мерките што органите на бугарската власт ги преземаат, за денационализација на Македонија се многу суптилни. Во Бугарија распоредот на кадрите е централизиран, па Македонците од овој дел на Македонија се испраќаат во краевите со бугарско население, а во Македонија во нејзиниот состав се испраќаат припадници на бугарската нација. Животот го чини своето. Се создаваат мешовити бракови и на тој начин се влијае на етничката промена на населението во Мкедонија во состав на НР Бугарија.

## IV

Во Македонија во составот на Србија (од 1918 — СХС, а од 1929 година Југославија), како и во другите нејзините делови во

---

[18]) „Врховистичките" чети се оружени организации во служба на бугарскиот двор, потекнуваат од „Врховниот комитет", создаден од владата и дворот на Царството Бугарија, со основна цел да ја попречи борбата на Македонската револуционерна организација (ВМРО), со суптилна лажна пропаганда дека е за ослободување на Македонија, а всушност е за нејзиното заграбување.

[19]) Попис во НР Бугарија, 1. XII 1956, — Общи резултати кн. 2, стр. 106—110.

[20]) *Тошо Поповски*, цитираното дело стр. 171.

[21]) Исто стр. 172—173.

Грција, Бугарија и Албанија, во текот на Балканските и Првата светска војна, поради разурнувањата на населбите (села и градови), како и поради погромите вршени над прогресивните сили, но и од религиозни причини, се менува етничката слика и на овој дел на Македонија.

Во Балканската војна 1912 година, добар дел Турци, посебно од градовите ја напуштија Македонија, повлекувајќи се со турските војски. Има појави и на масовни убиства од страна на националистичките четнички организации (од четите на Вук, Трбиќ, Бабунски) поради религиозна нетрпеливост, но едновремено убиства на лица истакнати револуционери Македонци и сл. Меѓутоа, во Првата светска војна се променуваат државните господари. Овој дел на Македонија до 1915 година е во составот на Србија, од 1915 до 1918 година е окупиран од германски и бугарски војски и е заведена администрација на бугарската држава. Оваа околност и тешките трогодишни борби на територијата на Македонија ги зголемува жртвите. Сè ова укажува на присилно извршени промени во етничкиот состав на населението во текот на Балканските и Првата светска војна.

По завршувањето на Првата светска војна, промените се вршат со примена на разновидни средства што државниот апарат ги применува.

Така колонизацијата, како средство за примена на етничкиот состав на делот на Македонија во составот на Кралството СХС (Југославија) солидно се подготвува. Регентот Александар (подоцна крал) објавува манифест во кој се истакнува дека ќе се укине крепосништвото, а земјата ќе се подели.[22]) Владата набргу по ова донесува "претходни одредби за подготовка на аграрната реформа"[23]) кои во 1920 година се утврдуваат како „Закон за подготовка на аграрната реформа". Покрај ова донесена е и "Уредба за населување на јужните нови краишта".[24]) Во првите години по приклучувањето на Македонија кон Кралството Србија се прават планови за расселување на некои села, но и на градовите Штип и Велес (сега Титов Велес). Пред да ги изнесеме мерките за колонизација на Македонија во составот на Кралството Југославија, нужно е да наведеме дека во овој дел на Македонија во 1921 година живееле 728.286 жители, од кои 630.000 Македонци.[25])

Согласно на споменатиот закон се спроведува колонизацијата така што во Македонија се доселуваат семејства од целата територија на Југославија. Во оваа колонизација првенство имаат припадниците на четничките организации и доброволци учесни-

---

[22]) 6 јануари 1919 година — еден месец по прогласувањето на Кралството СХС (1. XII 1918).

[23]) 27 февруари 1919 година.

[24]) 24 ноември 1924 година.

[25]) *Тошо Поповски*, ц. дело стр. 85. Ова го потврдуваат и податоците од Заводот за статистика — Скопје.

ци на Солунскиот фронт. Со колонизацијата, според официјалните податоци во Македонија се населени 6.377 фамилии.[26])

Покрај колонизацијата се јавува размена на населението и емигрирање под притисок на државните органи на власта. Размената на населението меѓу деловите на Македонија во составот на Грција и Југославија во периодот меѓу двете светски војни е минимална. Меѓутоа, поради интересот на балканските држави што во периодот помеѓу двете светски војни го пројавувале за Македонија се јавува емигрирање поради суровиот терор и диверзантските акции што ги организирале органите на власта, изразени во разни форми. Изразито драстични се формите што ги применува Царска Бугарија, кои предизвикуваат терор над населението од органите на државната власт на Кралството СХС. Од многубројните случаи ќе наведеме само два примери: Царството Бугарија често испраќаше врховистички чети, кои на територијата на Македонија во составот на Југославија вршеа разни диверзантски акции, атентати на истакнати личности и сл. Така, една врховистичка чета дојдена од Бугарија на 16 јануари 1923 година во селото Кадрифаково (Штипско) убива 23 лица колонизирани во тоа село. Истата година на 2 март, по наредба на великиот жупан Д. Матковиќ, во селото Гарван (Радовишко) без пресуда се стрелани сите возрасни мажи.[27]) Така на овој начин се предизвикуваше теророт и претставуваше формален повод истиот да се засилува. Теророт предизвика емигрирање претежно од политички причини во соседна Бугарија, но и во разни градови во Југославија. Сето тоа предизвикува одредени етнички промени, но за жал, овој проблем се уште не е истражен.

Во Втората светска војна поради Народноослободителната војна и Револуцијата, големи се жртвите во Македонија во составот на Југославија и тие изнесуваа околу 8% од целокупното население, што се одрази на етничката слика. Меѓутоа, по Граѓанската војна во Грција на територијата на денешна СР Македонија емигрира еден број од демократската армија. Потоа, непосредно по Втората светска војна еден број Македонци од реоните кои биле опустошени во периодот на војната, се колонизирани во автономната покраина Војводина. Едновремено од другите краеви на Југославија, посебно од Санџак, Косово и јужните делови на Србија се населуваат во СР Македонија, како резултат на слободното движење на граѓаните во Југославија.

По Втората светска војна се јавува иселување на Турци од СР Македонија и прилично е голем тој број. Колкав е тој број тешко може да се утврди, бидејќи во пописите од 1921 година и 1931 година населението се покажува исклучиво по религиозната при-

---

[26]) Историја македонског народа — кн. трета, Београд, 1970, стр. 28—32.

[27]) Исто стр. 39. Овие два случаи ги истражил и опишал Димитар Галев, во магистерскиот труд: „Условите и околностите за активноста на НОБ во Источна Македонија 1941—1942 година", одбранет 1981 година.

5*

падност, меѓутоа, познато е дека во некои градови, како на пример Штип, Радовиш и др. е останат сосема мал број Турци, како последица на емигрирањето по Втората светска војна. Зошто во овој период, турското население емигрираше, иако активно учествуваше во НОВ и Револуцијата не е искажено.[28])

Поради големите промени што настануваат во Балканските и Првата светска војна, меѓу двете светски војни како и во Втората светска војна и по неа, тешко може да се утврди етничката слика во Македонија во составот на Југославија во текот на XX век, а посебно од 1912—1919 година. Пописите извршени 1921 и 1931 година, населението го прикажуваат како што наведовме по религиозна припадност. Од документацијата од Заводот за статистика во Скопје за споменативе пописи се добиени следниве податоци:[29])

| | 1921 | 1931 |
|---|---|---|
| 1. Православни | 528.656 | 648.989 |
| 2. Римо-католици | 2.216 | 8.486 |
| 3. Грко-католици | 763 | — |
| 4. Евангелисти | 1.108 | 320 |
| 5. Друга христијанска припадност | — | 2.240 |
| 6. Муслимани | 270.930 | 282.820 |
| 7. Израелчани | 5.047 | — |
| 8. Други | 2 | 7.103 |
| Вкупно: | 808.724 | 949.958 |

По Втората светска војна, со создавањето на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (во нејзиниот состав СР Македонија) извршени се неколку пописи, и тоа: 1948, 1953, 1961, 1971, 1981. Од овие пописи може да се види етничката состојба на населението на СР Македонија, бидејќи во пописите е дадена и националната структура на населението. Ќе ја прикажеме состојбата во 1948 и 1981 година — во последниот попис.

———————

28) Мотивите за иселување на Турците во периодот по Втората светска војна тешко може да се објаснат. Тие 1941 г. не ги прифатија окупаторите, активно учествуваа во НОБ и Револуцијата, мотиви за нивното иселување би можеле да бидат, пред се пропагандата против комунизмот и психолошкиот момент, поради религијата, која едновремено довела и до нивната заостанатост. Многу мал бројот биле школувани Турци и до колку ги имало, тоа биле по неколку од поголемите градови.

29) Податоците од пописите 1921 и 1931 година не се усклaдени, така на пример во 1931 година не се прикажани Израелчани, а тие како и другите што не се прикажани посебно, постојат. Израелчаните во текот на Втората светска војна од страна на бугарските окупациони власти се интернирани во германските концентрациони логори и таму ништени (преку 7.000 лица од СР Македонија)... Матковски и др.

| | Народ — етнички групи | 1948 | 1981 |
|---|---|---|---|
| 1. | Македонци | 789.648 | 1.281.195 |
| 2. | Срби | 29.721 | 44.613 |
| 3. | Црногорци | 2.348 | 3.940 |
| 4. | Хрвати | 2.090 | 3.349 |
| 5. | Словенци | 729 | 667 |
| 6. | Албанци | 97.389 | 377.726 |
| 7. | Бугари | 889 | 1.984 |
| 8. | Турци | 95.940 | 86.691 |
| 9. | Роми | 19.500 | 43.223 |
| 10. | Власи | 9.511 | 6.392 |
| 11. | Југословени | — | 14.240 |
| 12. | Други[30]) | 6.231 | 47.674 |
| | Вкупно: | 1.152.986 | 1.912.257 |

Овие податоци говорат за перманентно менување на етничката структура во СР Македонија со прилив од другите народности на СФРЈ, но едновремено и со населување од Македонија во другите републики и покраини. Едновремено од целата територија се јавува емиграција и во прекуокеанските земји и во некои земји во Европа.[31])

## V

При создавањето на Албанија, еден мал дел од Македонија и припадна неа, а тоа беше санкционирано со мировните договори по Првата светска војна. За сега не располагаме со податоци за тој дел од Македонија каква била и каква е денес етничкаат структура на населението.

Досегашните истражувања од приличен број научни работници главно биле ориентирани на утврдување бројот на Македонците што живеат во Албанија.[32]) Од тие причини не сме во состојба да дадеме податоци за движењето на етничките промени на делот од Македонија вклучен во составот на Албанија.

---

[30]) Во пописите од 1948 до 1981 година во групата други одвоено се прикажани и следниве народности: Муслимани (доселени од другите републики), Чеси, Италијани, Унгарци, Романци, Русини, Словаци, Австријанци, Грци, Евреи, Германци, Полјаци, Руси, Украинци и др.

Во рефератот со оглед на малубројноста на споменативе, се прикажани заедно како „други".

[31]) Емиграцијата од Македонија во прекуокеанските земји: Канада, САД, Австралија и во повеќе земји во Европа, во оваа прилика не ја разгледавме. Таа е многубројна и меѓу неа најбројни се Македонците, но има и Грци и други народности. Нивното емигрирање се одразило на етничката структура во Македонија, меѓутоа, засега овој проблем се уште не е истражен.

[32]) Тошо Поповски, Ристо Андоновски во цитираните дела, а има и некои други — меѓутоа тие истражувања не се целосни, се однесуваат на положбата и бројот на Македонците.




# VI

## ЗАКЛУЧОК

Изнесените разгледувања укажуваат на следните основни промени во Македонија, и тоа:

1. Грци — којшто во 1912 година ги имало околу 236.755, во текот на настанатите промени, со разните иселувања на Турците и Македонците и со населувањата на Грци, нивниот број во Егејска Македонија знатно нараснува и во 1926 година ја достигнува бројката од 1.341.000 лица, се разбира дека тој број до денес со наталитетот се зголемил.

2. Турци — во 1912 година пред војната се цени дека на целата територија на Македонија биле околу 500.000 лица, меѓутоа, во крупните историски настани од Балканските војни па сѐ до периодот непосредно по завршувањето на Втората светска војна, настапуваат масовни иселувања во Турција, така што нивниот

број во 1981 година изнесува околу 90.000 лица, од кои еден број околу 2.300 лица се населени во Македонија во составот на Грција.

3. Македонците кои во почетокот на XX век се смета дека на територијата на Македонија броеле околу 1.200.000, тие претрпуваат големи промени. Така на територијата на СРМ — во основа по пат на природен наталитет од околу нешто помалку од 500.000 во 1921 година нивниот број во 1981 година изнесува 1.281.195. Меѓутоа, во Македонија во составот на Грција во 1912 година се околу 330.000 лица, а во 1941 опаѓа на околу 252.000, ако при ова се земе во предвид и природниот наталитет тогаш може да се констатира дека настанало големо намалување на Македонците во овој дел. Во Македонија во составот на Бугарија во 1920/1921 година живееле околу 156.000 Македонци, нивниот број во 1956 година изнесува 178.862 лица, додека во пописот извршен 1975 година било забрането декларирање на македонската народност, тоа не значи дека нема Македонци во тој дел на Македонија, но тие статистички не се регистрирани. Исто така во статистиките на НР Бугарија не се покажува ниту емиграцијата од Македонија населена главно по градовите.

4. Настануваат големи промени и во другите етнички групи, така на пр. на територијата на СР Македонија, Евреите, практично се уништени од бугарските и германските окупатори, освен тие што беа вклучени во Револуцијата. И во Македонија во составот на Грција, поради нацистичките прогони нивниот број знатно е намален. Настануваат извесни промени и кај Власите и Ромите. Карактеристично е дека во СР Македонија се населуваат извесен релативно мал број Хрвати, Срби и Црногорци. Меѓутоа, бројот на Албанците во СР Македонија знатно се зголемува од 97.389 во 1948 на 377.726 во 1981 година, како резултат на знатно големиот наталитет и доселувањата од Косово.

5. Во излагањето се изнесени основните согледувања во етничките промени. Нивното подетално следење тешко може да се реализира, поради различните методи во прикажувањето на народите во статистиките на балканските држави, како и поради различните временски периоди на извршените пописи.

6. Сите појави кои влијаат на промената на етничкиот состав на Македонија, сосема природно во оваа прилика не можевме да ги разгледаме. Во нашето излагање се задржавме на оние појави, коишто биле од поголемо значење за етничките промени. Не го разгледавме проблемот на економската емиграцијата во Европа и во прекуокеанските земји (САД, Канада, Австралија и др.), потоа не го разгледавме проблемот во нерамномерниот наталитет на одделни народи што живеат во Македонија. Наталитетот исто така постепено, но сигурно влијае врз промените на етничката структура на населението.

Mihailo APOSTOLSKI

# THE ETHNIC CHANGES OF MACEDONIA IN THE XX CENTURY

## Summary

Macedonia with its geographic location in the Balkans was always of a great interest to the Great powers because of its relations with Near and Middle East. Macedonia is a country in Europe which had biggest changes in the ethnic composition of the population during the period of the XX century.

The author points out that the Balkan Wars and the First World War (1912—1913 and 1914—1918) besides the Ilinden uprising (1903) are historical events which contributed to a great extent of the great ethnic changes in Macedonia. It is known that Macedonia after the Balkan Wars was divided into three parts belonging to Greece, Bulgaria and Serbia. The consequences from the partition of Macedonia especially after the First World War are numerous in a political and economical aspect, and especially the ethnic composition of the population. The biggest ethnic changes in Macedonia are noticed during the period between the two world wars.

Further in the text the author gives all the ethnic changes of the population with a table giving the number and nationality year by year.